**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 23, став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2022) и член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 08/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување на службеник за млади**

1. Административниот службеник **Петар Јанчев**, вработен во Општина Гевгелија распореден на работно место со звање – Помлад соработник за соработка со корисници на јавни услуги, се назначува за службеник за млади.

2. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:

- развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики;
- поддршка на работата на органот на државната управа, локалната самоуправа, локалниот младински совет, нговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност
- одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форуми на здружување имладите;
- следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на органот на државната управа, општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања на трендовите кај младите;
- обезбедување инфорамции и информирање на младите во Општината;
- водење база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт;
- редовна комуникација со Агенцијата за млади и спорт и да биде контакт за сите младински прашања на органот на државната управа, локалната самоуправа кон младите и јавноста;
- службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.

3. Ова Решение влегува во правна сила од денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Гевгелија“.

Бр. 08-2274/1
14.11.2022 година
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**